Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-475/1 од 28.6.2024 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-475/2
22-07-2024
20 год.-viti

## ЗАКЛУЧОК

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

### О б р а з л о ж е н и е

На 28.6.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол, боја на кожа, етничка припадност, јазик, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, возраст, семејна или брачна состојба и родов идентитет во областа на социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, правосудство и управа, домување и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Општина Гази Баба, Центарот за социјална работа и Министерството за труд и социјална политика, вклучувајќи и вработени во претходно наведените институции.

Подносителката наведува дека имала добиено пресуда од Управен суд Скопје не образложувајќи ја содржината на истата, истакнувајќи дека пресудата има печат за правосилност, меѓутоа оштетното побарување кое ѝ било досудено сè уште не ѝ е исплатено. Во продолжение на претставката е наведено дека подносителката е редовна барателка на социјална помош, меѓутоа истата никогаш не ѝ била исплатена, дополнително на што во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се води како невработено лице. Подносителката на претставката наведува дека живее во социјално загрозено семејство со своите три ќерки, дополнувајќи дека на два наврати се обратила до Владата на РСМ со барање да им биде обезбеден социјален стан.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.*

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

22.7.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk